Јавна здравствена установа
-Психијатриска болница
Бр. 03 - 1291/1
02-06-2020 год.
Негорци, Гевгелија

ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Гевгелија

До
- ЈЗУ од Југоисточен регион
- Здружение на матични лекари

Предмет: барање за задолжително приложување епидемиолошка анкета за секој пациент упатен до ЈЗУ ПБ Негорци, Гевгелија
Врска: зголемување на бројот на позитивни лица на корона вирусот

**Образложение:**

Во ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, Гевгелија, секојдневно се упатуваат лица за амбулантски преглед или хоспитализација од југоисточниот дел на републиката. Досегашните мерки за превенција од COVID-19 се спроведуваа од страна на болницата согласно нашата ПРОЦЕДУРА за постапување со пациент суспектен /заболен од COVID-19 /Процедура бр.79/, иако секој упатен пациент немаше познати епидемиолошки податоци. Речиси сите пациенти со акутна клиничка слика на ментално растројство доаѓаат со болнички возила и придружба од медицински персонал и или/болничко обезбедување кои најчесто изјавуваат дека за нив е непознато каде пациентот се движел во последните две недели, ниту дали евентуално имал контакт со позитивен на корона вирус или заболен од COVID-19. И покрај ова досега пациентите со индикации за болничко лекување се примаа во болницата.

Поради познатите факти дека епидемијата на COVID-19 во нашата земја не само што не е стивната, туку напротив, секој ден се регистрираат сé поголем број на новозаболени лица. **Поради ова Психијатриска болница Негорци ќе ги заостри мерките за превенција и нема да прима пациенти ниту на преглед, ниту на болничко лекување без епидемиолошка анкета. Бараме од лекарот кој го упатува пациентот/матичен лекар или специјалист/ задолжително во упатот да нагласи дека пациентот има негативна епидемиолошка анкета.**

Негорци, 02.06.2020г.

Јавна здравствена установа-психијатриска болница НЕГОРЦИ-ГЕВГЕЛИЈА Р.С.М.

Директор на ЈЗУ ПБ Негорци, Гевгелија
Спец.психијатар Др. Боне Стеваноски
Боне С.